Извозните производи се означуваат со тарик ознаки согласно Интегративната тарифа на Европската Унија-ТАРИК, која се однесува на производи од челик.

Интегративната тарифа на Европската Заедница (ТАРИК), (Integrated Tariff of the European Communities-TARIC) овозможува преглед и доследна примена на правилата и одредбите при увоз на различни видови производи на пазарот на ЕУ. Оваа унифицирана царинска легислатива која се применува на територијата на сите земји членки на Европската Унија, освен одредбите од Комбинираниот систем и Комбинираната номенклатура на производи, дополнително вклучува и други прописи како што се: царински стапки, тарифни квоти, анти дампинг мерки и тарифни преферннцијали во трговијата со трети земји. За таа намена во царинските и статистичките декларации се користат 10-то цифрени тарифни ознаки за одделни видови на производи.
Интегративната тарифа на Европската Унија (ТАРИК) ги содржи сите земјоделски и трговски мерки при ембарго, текстилни квоти и сите остамнати мерки донесени од страна на Европскиот совет, а се инкорпорирани во овој општо прифатен инструмент како основа на единствениот Царински систем на Европската Унија.
Царинските давачки на увозот што се применуваат во Заедницата за производите од челик со потекло од Република Македонија, се укинати со стапувањето во сила на Договорот. Исто така, од 2006 година, производите од челик со потекло од ЕЗ се увезуваат во Република Македонија без царина